# Европските законодавци мора да ја затворат опасната дупка во Законот за ВИ

**Европската Унија влегува во последната фаза од преговорите за Законот за вештачка интелигенција (Законот за ВИ), но големите технолошки фирми и другите чинители од индустријата лобираат да се отвори огромна дупка во процесот на класификација на високите ризици, што ќе доведе до поткопување на целото законодавство. Ги повикуваме законодавците на ЕУ да ја отстранат оваа дупка во законот и да овозможат високо ниво на заштита во Законот за ВИ.**

Законот за ВИ на ЕУ има потенцијал да ја подобри заштитата за луѓето кои се загрозени од системите за ВИ. Во изворната верзија на Законот е наведен список на „употреби на ВИ со висок ризик", вклучувајќи и системи со ВИ за следење на ученици, оценување на кредитоспособноста на потрошувачите, оценување на барателите на работа и идентификување на лицата кои добиваат социјална помош.

Законот налага лицата кои ја осмислуваат и користат ВИ со таков „висок ризик" да се погрижат нивните системи да бидат безбедни, да не бидат полни со предрасуди на дискриминаторска основа и јавно да споделуваат информации во врска со работата на нивните системи. Меѓутоа, тие придобивки се поткопуваат благодарение на една опасна дупка во законот што се отвора во процесот на класификација на високите ризици во член 6.

Во изворната верзија на Европската комисија, еден систем за ВИ се смета дека е со „висок ризик" ако се користи за некоја од целите со висок ризик наведени во Анекс III. Меѓутоа, Советот и Европскиот парламент отворија дупка во законот што ќе им овозможи на лицата кои ги осмислуваат овие системи самите да одлучат дали сметаат дека системот е со „висок ризик"[i] Истата компанија што се опфаќа со законот би имала можност самостојно да одлучи дали тој закон се однесува на неа или не.

**Овие промени на член 6 мора да бидат отфрлени и мора повторно да се воспостави првичниот процес на класификација на ризици на Европската комисија. Мора да постои објективен, доследен и правно сигурен процес за да се утврди кои системи со ВИ се со „висок ризик" во Законот за ВИ.**

Ако промените на член 6 не се поништат, Законот за ВИ ќе им овозможи на лицата кои ги осмислуваат системите да одлучат да се изземат од сите суштински правила за системите со висок ризик. Законот за ВИ би:

- **Предизвикал голема правна несигурност** во однос на тоа кои системи се сметаат за системи со „висок ризик";
- **Довел до расцепканост на Единствениот пазар на ЕУ** и различни толкувања за она што се подразбира под „висок ризик" ширум земјите членки;
- Направил **сериозни проблеми при спроведување на законот кај властите од земјите**

**членки**, со недоволни ресурси за задоволително следење на самооценувањето на лицата кои ги осмислуваат системите;

- **Им овозможил на неморалните лица кои ги осмислуваат системите да ги избегнат основните барања на законот** што ги прават нивните системи побезбедни и поверодостојни. Тоа би ги ставило одговорните лица кои ги осмислуваат системите во неповолна ситуација.

**Бараме од законодавците да ги поништат овие промени и да го вратат изворниот текст на Комисијата во член 6.** Законот за ВИ мора да ги приоритизира правата на лицата кои се загрозени од системи со ВИ и да овозможи отчетно и транспарентно осмислување и користење на ВИ.[ii]

Потписници,

1. Access Now
2. BEUC – The European Consumer Organisation
3. European Digital Rights (EDRi)
4. Access Info Europe
5. AlgoRace
6. Algorights
7. AlgorithmWatch
8. All Faiths and None
9. All Out
10. Alternatif Bilisim (AiA-Alternative Informatics Association)
11. Amnesty International
12. ARSIS Association for the Social Support of Youth
13. Article 19
14. Asia Indigenous Peoples Pact
15. Aspiration
16. Association for Legal Studies on Immigration (ASGI)
17. Association Konekt
18. Balkan Civil Society Development Network
19. Bits of Freedom
20. Bulgarian center for Not-for-Profit Law (BCNL)
21. Center for AI and Digital Policy (CAIDP)
22. Chaos Computer Club
23. Civil Rights Defenders
24. CIVIL SOCIETY ADVOCATES
25. CNVOS Slovenia
26. Coalizione Italiana Libertà e i Diritti civili
27. Comisión General Justicia y Paz de España
28. Controle Alt Delete
29. Corporate Europe Observatory (CEO)
30. D64 - Zentrum für Digitalen Fortschritt e. V.
31. DanChurchAid (DCA)
32. Danes je nov dan, Inštitut za druga vprašanja
33. Defend Democracy
34. Democracy Development Foundation Armenia
35. Digitalcourage
36. Digital Security Lab Ukraine
37. Digitale Gesellschaft
38. Digitalfems

39. DonesTech
40. dTest, o.p.s.
41. Eticas
42. EuroMed Rights
43. European Anti-Poverty Network (EAPN)
44. European Center for Not-for-Profit Law
45. European Civic Forum
46. European Movement Italy
47. European Network Against Racism (ENAR)
48. European Network on Statelessness
49. Fair Trials
50. Fair Vote UK
51. Fundación CIVES
52. Federación de Consumidores y Usuarios CECU
53. Federación de Sindicatos de Periodistas (FeSP)
54. Federation of German Consumer Organisations (Verbraucherzentrale Bundesverband – vzbv)
55. FIPR
56. Fritidsodlingens Riksorganisation
57. Gong
58. Greek Forum of Refugees
59. Health Action International
60. Homo Digitalis
61. Hungarian Civil Liberties Union
62. I Have Rights
63. IDAY Liberia Coalition Inc.
64. Institute Circle
65. Institute for Strategic Dialogue (ISD)
66. Irish Council for Civil Liberties
67. IT-Pol
68. Iuridicum Remedium
69. KEPKA- Consumers Protection Center
70. Kif Kif vzw
71. KOK German NGO Network against Trafficking in Human Beings
72. Konsumentvägladarnas Förening
73. Kosovar Civil Society Foundation (KCSF)
74. LA LIGUE DE L'ENSEIGNEMENT
75. La Strada International
76. Lafede.cat
77. LDH (Ligue des droits de l'Homme)
78. Legal Centre Lesvos
79. Liberty
80. Ligue des droits humains
81. Metamorphosis Foundation
82. Migrant Tales
83. Mobile Info Team
84. Moje Państwo Foundation
85. National Federation of Polish NGOs (OFOP)
86. National NGO Coalition
87. New Europeans International
88. Norwegian Consumer Council
89. Novact

90. OCU (ORGANIZACIÓN DE CONSUMIDORES Y USUARIOS)
91. Ökotárs - Hungarian Environmental Partnership Foundation
92. Open Knowledge Foundation Germany
93. Panoptykon Foundation
94. Partners Albania for Change and Development
95. PIC - Legal Center for the Protection of Human Rights and the Environment
96. Platform for International Cooperation on Undocumented Migrants (PICUM)
97. Polish Women's Strike Foundation
98. Politiscope
99. Privacy First
100. Privacy International
101. Privacy Network
102. PRO, Pensionärernas riksorganisation
103. Promo-LEX Association
104. Prostitution Information Center
105. Protection International
106. Red en Defensa de los Derechos Digitales
107. REPONGAC
108. SKPF Pensionärerna
109. SOLIDAR & SOLIDAR Foundation
110. Spiralis
111. Statewatch
112. Stichting LOS
113. Superbloom (previously known as Simply Secure)
114. Swedish Asthma and Allergy Association
115. SYMBIOSIS
116. Symbiosis - Council of Europe School of Political Studies in Greece
117. The Swedish Consumers' Association
118. Wikimedia Deutschland e. V.

---

[i] Текстот на Советот предлага да се исклучат системите со висок ризик во ситуации кога резултатите од системот се *„во целост споредни на главното дејство или одлука што треба да се преземе“.* Текстот на Европскиот парламент наведува дека еден систем е со висок ризик само ако претставува „значаен ризик“ за основните права, здравјето и безбедноста. Ако лицето што го осмислува системот смета дека неговиот систем не претставува таков ризик, мора да ги извести националните власти, коишто имаат 3 месеци на располагање да одговорат.

[ii] 150 граѓански организации ги повикуваат институциите на ЕУ да утврдат дали Законот за ВИ ги заштитува правата на луѓето за време на тријалозите за Законот за ВИ: https://edri.org/wp-content/uploads/2023/07/Civil-society-AI-Act-trilogues-statement.pdf